**20192313591**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ “ бр. 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за Врз основа Врз основа на член 13 став 1 од Законот за промет на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр.30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 31/93, 66/07, 86/08 и 148/15), Министерството за внатрешни работи објавува

## ЛИСТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 56/19 и 120/19), во делот I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 62 точката на крајот од реченицата се заменува со точка запирка и се додаваат три нови точки 63, 64 и 65, кои гласат:

„63. Стопански емулзивен експлозив EXPLOGEL 200 тип (А), со дијаметар Ø25мм, за контурно минирање, пакување во пластични ПВЦ цевки (со надворешен пречник на цевката од Ø25мм и внатрешен пречник Ø22мм), производство на компанијата ELTEK Hellenic Explosives Technology LTD Agalaiol од Гревена, Република Грција;

64. Стопански емулзивен експлозив EXPLOGEL 200 тип (В), со дијаметар Ø25мм, за контурно минирање, пакување во пластични ПВЦ цевки (со надворешен пречник на цевката од Ø25мм и внатрешен пречник Ø22мм), производство на компанијата ELTEK Hellenic Explosives Technology LTD Agalaiol од Гревена, Република Грција;

65. Стопански емулзивен експлозив EXPLOGEL 200 тип (CB) со дијаметар на патронот од Ø25мм, пакувани во полиетиленски филм (најлон), производство на компанијата ELTEK Hellenic Explosives Technology LTD Agalaiol од Гревена, Република Грција.“.

Во дел II. „СРЕДСТВА ЗА ИНИЦИРАЊЕ НА ЕКСПЛОЗИВИ“ по точката 30 се додаваат четири нови точки 31, 32, 33 и 34, кои гласат:

„31. Неелектрични детонатори (non-electric detonator), тип БИХНЕЛ МС (BIHNEL MS), производство на компанијата ПОБЈЕДА – РУДЕТ д.д. (POBJEDA – RUDET d.d.) од Горажде, Босна и Херцеговина;

32. Неелектрични детонатори (non-electric detonator), тип БИХНЕЛ ЛП (BIHNEL LP), производство на компанијата ПОБЈЕДА – РУДЕТ д.д. (POBJEDA – RUDET d.d.) од Горажде, Босна и Херцеговина;

33. Неелектричен иницијален систем (non-electric initiating system), тип БИХНЕЛ ДУАЛ (BIHNEL DUAL), производство на компанијата ПОБЈЕДА – РУДЕТ д.д. (POBJEDA – RUDET d.d.) од Горажде, Босна и Херцеговина;

34. Површински конектори (surface connector), тип БИХНЕЛ СЛ (BIHNEL SL), производство на компанијата ПОБЈЕДА – РУДЕТ д.д. (POBJEDA – RUDET d.d.) од Горажде, Босна и Херцеговина.“.

Бр. 13.1.1-84503/1
25 октомври 2019 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.